# ПРОМЕНИ И ПОДОБРУВАЊА ВО НОВИОТ ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

## СУДСКА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

### ЗАКОНОТ ОД 2010 ГОДИНА

Секое лице кое смета дека е дискриминирано може да поведе судска постапка за заштита од дискриминација. Тужба за заштита од дискриминација може да поднесат и здруженија, фондации, синдикати или други организации, само доколку имаат согласност од дискриминираното лице.

### ЗАКОНОТ ОД 2020 ГОДИНА

Секое лице кое смета дека е дискриминирано може да поведе судска постапка за заштита од дискриминација.

Тужба од јавен интерес **(actio popularis)** може да поведат и здруженија, фондации, синдикати или други организации од граѓанското општество и неформални групи кои имаат оправдан интерес.

Лицата кои ќе поведат судска постапка за заштита од дискриминација се ослободени од плаќање трошоци за судски такси.

Комисијата може **да поведе судска постапка за заштита од дискриминација** или да се јави **како замешувач или како пријател на судот (amicus curiae).**

Во судските постапки за заштита од дискриминација **товарот на докажување преминува на тужениот** и како доказ може да се користат статистички податоци и податоци добиени од тестирање на ситуација.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:**
**+389 (0)2 3119-073**

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.